- КП 1071, КП 1088, КП 147, КП 1560, КП 1571, КП 1578, КП 1579, КП 1580, КП 355/1, КП 364, КП 407, КП 549, КП 550/1, КО Долани,

и дел од КП:

- КП 118, КП 123, КП 126, КП 13, КП 1684, КП 1685, КП 1686, КП 176, КП 26, КП 293, КП 300, КП 321, КО Љуботен.

Идејниот проект треба да ги содржи сите пресметки за димензионирање и избор на опрема, графички прилози составени од детали за начинот на монтажа на системските компоненти како и за начинот на меѓусебно електрично поврзување и инсталирање на опремата до приклучната точка на електро енергетскиот систем.

Електротехничките инсталации во овој проект мора да бидат изведени во согласност со важечките прописи за изведување на инсталации од овој тип на објекти, важечките МКС стандарди, препораките на ЕВН Македонија како и меѓународни стандарди и препораки кои ја регулираат оваа област.

Проектант,

Интебако ДОО Скопје

Друштво за трговија и услуги ИНТЕБАКО ДОО СКОПЈЕ

Инвеститор,

ХАЈ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје

Друштво за производство, трговија и услуги со електрична енергија ХАЈ ЕНЕРЏИ Hi energy ДОО Скопје

II. ПРОЕКТЕН ДЕЛ

Фаза: Електротехника

1. ВОВЕД

Предмет на овој Идеен проект претставува техничкото решение за приклучок на електроенергетскиот систем на новопредвидена дистрибутивна трафостаница ТС Хај Енерџи 10/0,8 kV, 2x1500 kVA на КП 321, КО Љуботен, Општина Штип. За потребите за производство на електрична енергија на инвеститорот Хај Енерџи ДОО Скопје, потребно е да се изгради дистрибутивна трафостаница со подземен среднонапонски приклучок. Локацијата на трафостаницата е предвидена на дел од КП 321 КО Љуботен, Општина Штип. Трафостаницата ќе служи за приклучување на новопроектираната фотоволтаична централа „Хај Енерџи“ на електричната дистрибутивна мрежа. Трафостаницата не е предмет на овој основен проект.

Поврзувањето на горенаведената трафостаница Хај Енерџи до приклучната точка ќе биде изведено со подземен среднонапонски 10(20)kV вод со кабел тип NA2XS(F)2Y 1x400 RM/25 10/20 kV. Идејниот проект е изработен според Проектната задача, како и според техничките препораки на ЕВН – Македонија.

Слика 1. Поширока локација на приклучокот, КО Љуботен

2. ПОДАТОЦИ ЗА 10(20) kV КАБЕЛСКИ ПРИКЛУЧЕН ВОД

Објект	10(20) kV приклучен вод за дистрибутивна ТС ХАЈ ЕНЕРЏИ 10/0,8 kV/kV, 2x1500kVA
Локација	НА ДЕЛ ОД КП 1071, КП 1088, КП 147, КП 1560, КП 1571, КП 1578, КП 1579, КП 1580, КП 355/1, КП 364, КП 407, КП 549, КП 550/1, КО Долани, и дел од КП 118, КП 123, КП 126, КП 13, КП 1684, КП 1685, КП 1686, КП 176, КП 26, КП 293, КП 300, КП 321, КО Љуботен, ОПШТИНА ШТИП
Работен напон	10(20) kV
Тип на спроводници	3xNA2XS(F)2Y 1x400mm^2 RM/25 10/20kV
Должина на кабелска траса	5041 m
Должина на кабелски вод	15123 m

3. ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ ЗА КАБЕЛОТ

Ознака по DIN	NA2XS(F)2Y
Проводник	Алуминиумски едножилен
Пресек на проводник	400mm^2
Надворешен дијаметар на кабел	44-49mm
Тежина на кабел	2537kg/km
Изолација	Умрежен полиетилен (XLPE) DIX 8 Според (DIN VDE 0276-620)
Радиус на свиткување	15D

4. ОПИС НА 10(20) kV ПРИКЛУЧЕН ВОД

Се работи за среднонапонски подземен вод со кабел тип NA2XS(F)2Y 1x400 RM/25 12/20 kV. Со овој проект се предвидува да се изврши пресек на прикажаното место во графичкиот дел на следните парцели: ДЕЛ ОД КП 1071, КП 1088, КП 147, КП 1560, КП 1571, КП 1578, КП 1579, КП 1580, КП 355/1, КП 364, КП 407, КП 549, КП 550/1, КО Долани, и дел од КП 118, КП 123, КП 126, КП 13, КП 1684, КП 1685, КП 1686, КП 176, КП 26, КП 293, КП 300, КП 321, КО Љуботен, ОПШТИНА ШТИП и да се прикаже трасата на движење на водот до приклучната точка. Од оваа точка, трасата се води во ров 0.45 x0.8 m, во должина од околу 5041 метри се до влезот на парцелата КП 321, КО Љуботен, прикажано во Графички прилози. Трасата на водот продолжува во должина од околу дополнителни 192m до новопредвидената трафостаница ТС Хај Енерџи. (Овој дел од водот, дополнителните 192 m, не се предмет во овој проект и ќе бидат разгледувани во Основен проект). Трафостаницата е опремена со една влезна ќелија, една излезна ќелија, спојна со прекинувач подготвена за далечинско управување, мерна и две трафо ќелии согласно енергетската согласност година за фотоволтаична централа „Хај Енерџи“.

Трасата започнува да се движи од северозападната страна на КП 321, каде што е предвидена местоположбата на ТС Хај енерџи која е во сопственост на инвеститорот Хај Енерџи ДОО, потоа продолжува по државно земјиште (по горенаведените парцели кои водат до Долани) и завршува до КП 550/1 каде што кабелот се води кон шахта.

5. КАРАКТЕРИСТИКИ НА 10(20) kV ПРИКЛУЧЕН ВОД

Ископот на кабелскиот ров треба да се изведе рачно или машински, со внимателно копање. Ваквото барање е заради можноста за постоење на подземни инсталации кои не се очекувани при ископот. При ископ на ровот, доколку дојде до обрушување на земјата, треба да се изврши потпирање на страните на ровот. Ширината на дното на ровот треба да е 0.45 m и длабочина на ровот од 0.8m на регулирана површина. Едножилните кабли тип NA2XS(F)2Y 1x400 RM/25 12/20 kV, во ровот се положуваат на начин претставен во графичкиот дел. Затрупувањето на ровот се изведува во слоеви со нивно набивање, слој песок, а површината на ровот треба да се врати во првобитната состојба. Кабелот механички се заштитува со поставување на пластични "ГАЛ" штитници на начин кој е претставен во цртеж во графичкиот дел. Во кабелскиот ров се предвидува полагање на FeZn лента 40x4 mm по цела должина на трасата. Лентата треба да биде поврзана со заштитното заземјување на трафостаницата. Над положените кабли треба да се положи пластифицирана предупредувачка лента по целата должина на ровот. Доколку Инвеститорот смета дека е потребно, може да се вградат и други ознаки за обележување на кабелската траса.

При трасирањето, положувањето и експлоатацијата на каблите треба да се земат предвид различни фактори кои влијаат на нивните карактеристики:

- Работна средина
  - Влијание на други кабли или кабелски системи поставени паралелно со кабелот;
  - Влијание од надворешни извори на топлина врз кабелот;
  - Специфичниот топлински отпор на почвата во која се полага кабелот;
  - Влијание на ултравиолетови зраци;
  - Температурата на околината при полагањето не смее да биде помала од -5° за кабел со PVC плашт;
  - Температурата на околината при полагањето не смее да биде помала од -20° за кабел со PE плашт;
- Движење, поместување на почвата и вибрации на конструкции на кои се полага кабелот;
- Хемиски дејства од околината;
- Заштита на плаштот на кабелот;

Трасата на кабелот се избира така да ги исполнува оптималните технички и економски услови.

6. ВКРСТУВАЊЕ И ПАРАЛЕЛНО ВОДЕЊЕ НА КАБЕЛСКАТА ТРАСА СО ДРУГИ ИНСТАЛАЦИИ

Трасата мора да биде ускладена со трасата на другите подземни инсталации (водоводни, канализациони, телефонски, топловодни итн.) и каблите треба да се положат така што опасноста од ширење на пожар и неговите последици да бидат најмали. По добивањето на подлогите од инфраструктурните инсталации може да бидат согледани евентуални вкрстувања и паралелно водење на кабелскиот вод со истите. При таков случај, во проектот истите ќе бидат третирани согласно важечките прописи, нормативи и стандарди за таков вид на инсталации, како и барањата на сопствениците на инсталациите. Потребен е внимателен ископ на трасата и изведбата на водот треба да се изврши спрема следното упатство за поставување на енергетски кабли.

7. УПАТСТВО ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ КАБЛИ

7.1 Директно полагање на енергетски кабли во земја

Се препорачува директно полагање на енергетски кабли во земја, во кабелски ров чии димензии зависат од номиналниот напон на кабелот, видот на земјиштето како и од бројот на кабли кои се полагаат во истиот ров.

Нормална длабочина на ровот во кој се полага кабелот изнесува:

• 1.1 m за кабли 35 kV

• 0.7 - 0.8 m за кабли 1 kV, 10 kV и 20 kV

Отстапувања се дозволени на помали должини при вкрстување со други кабли и инсталации, како и во случаи на неповолни услови на полагање.

Доколку кабелот се полага на помали длабочини поради разни препреки или други инсталации, потребно е да се предвиди дополнителна заштита од механички оштетувања со примена на заштитни цевки, бетонски заштитници и сл. Кабелот се полага во средина на слој од песок и шљунак кој е со дебелина 0.2 m над дното на кабелскиот ров. За набивање на овој слој треба да се користат исклучително рачни набивачи. Кабелскиот ров се копа како отворен ров. Само во случај на вкрстување на кабелот со железничка пруга или со пат или улица каде не смее да се прекинува сообраќајот се врши бушење на отвор за цевка низ која се провлекува кабелот. Ова мора да се врши многу внимателно, да не дојде до оштетување на друга инсталација. Ископаниот кабелски ров мора да биде видливо обележан, поради сигурност на пешаците и возилата. Влезовите во куќи и деловни простории треба да имаат соодветни премостувања.

Затрупувањето на кабелскиот ров се врши со земја од откопот или со новодонесена земја во слоеви од по 0.3 m. Слоевите од земја над постелицата од песок и шљунак се набиваат со механички набивачи. При затрупувањето на кабелскиот ров, над кабелот вдолж целата траса треба да се постави пластична предупредувачка лента:

- При полагање на кабел на регулирани површини се поставува една предупредувачка лента на 0.4 m над кабелот (Слика 2).



Слика 2 Полагање на кабел на регулирани и нерегулирани површини

- При полагање на кабел на нерегулирани површини се поставуваат две предупредувачки ленти од кои првата е на 0.3 m, а втората на 0.5 m над кабелот (Слика 2)

- Ако во исти ров се полагаат повеќе кабли, тогаш бројот на предупредувачки ленти и нивното меѓусебно растојание треба да бидат така одбрани да сите кабли бидат "покриени" со предупредувачки ленти.

Пластичната предупредувачка лента е со црвена боја со втиснат натпис за внимателност, ширината на траката треба да биде околу 10 cm, а квалитетот на материјалот треба да гарантира век на траење од околу 30 години.

За премин под пат во урбанизирани населби наместо кабелска сигнализација може да се користи и директно полагање на кабли во земја, во ров со длабочина 1.4 m се поставува постелица на кабелот која е претходно опишана, над неа се поставуваат армирано-бетонски плочи, слој на земја и слој на мршав бетон МБ-15 (Слика 3).

После полагањето, изработката на кабелските спојници и завршници, напонското испитување на комплетниот кабелски вод и затрупувањето, кабелската траса се доведува во првобитната состојба т.е. вишокот на земја се одвезува на планираното место, се поправаат и асфалтираат сообраќајниците итн.

Слика 3 Полагање на кабел на премин под пат

7.2 Приближување и вкрстување на енергетски кабел

7.2.1 Со телекомуникациони кабли

Дозволено е паралелно водење на енергетски и телекомуникациски кабел на меѓусебно растојание од најмалку:

• 0.5 m за кабли 1 kV, 10 kV и 20 kV

• 1 m за кабли 35 kV

Вкрстување на енергетски и телекомуникациски кабел се врши на растојание од најмалку 0.5 m. Аголот на вкрстување треба да биде:

• Во населени места најмалку 30°, а по можност што поблиску до 90°

• Вон населени места најмалку 45°

Енергетскиот кабел по правило се поставува под телекомуникациски кабел. Доколку не можат да се постигнат растојанијата кои се претходно дадени на местото на вкрстување енергетскиот кабел треба да се вовлече во заштитна цевка, но и тогаш растојанието не смее да биде помало од 0.5 m. Растојанијата и аглите на вкрстување кои се претходно дадени не се однесуваат на оптички кабли. Телекомуникациските кабли кои исклучително служат за потребите на електродистрибуциите можат да се полагаат во исти ров со енергетски кабли нарастојание не помало од 0.2 m.

7.2.2 Со железничка пруга

При паралелно водење на кабелски вод со железничка пруга, потребно е да се земе предвид негативното влијание на еднонасочните струи (особено кај кабли кои се изолирани со хартија и заземјувања) на кабелот. Во врска со ова потребно е:

- Да се обезбеди сигурна галванска врска помеѓу шините на пругата и што подобра изолираност на шините во однос на земјата (што е обврска на сопственикот);
- Да се користи кабел со изолиран плашт;
- Да се обезбеди оддалеченост на кабелот од пругата најмалку 2m;
- Кабелот да се положи низ пластична цевка;

7.2.3 Со цевки на водовод и канализација

Не е дозволено паралелно водење на енергетски кабли под или над водоводни и канализациски цевки. Хоризонталното растојание на енергетскиот кабел од водоводна или канализациски цевка треба да изнесува најмалку 0,5 m за кабли 35 kV т.е. најмалку 0,4 m за останатите кабли. При вкрстување, енергетски кабел може да биде положен под или над водоводна или канализациска цевка на растојание од најмалку 0,4 m за кабли 35 kV односно најмалку 0,3 m за останатите кабли. Доколку не можат да се постигнат растојанијата претходно дадени, на тие места енергетскиот кабел треба да се провлече низ заштитна цевка. На местата на паралелно водење или вкрстување на енергетски кабел со водоводни или канализациски цевки, кабелскиот ров се копа рачно (без употреба на механизација).

7.2.4 Со топловод

Не е дозволено паралелно водење на енергетски кабли под или над топловод. При вкрстување, енергетскиот кабел се полага над топловод, а во исклучителни случаеви под топловод. Помеѓу енергетски кабел и топловод се поставува топлотна изолација од полиуретан, пенлив бетон итн. (Слика 4). Хоризонталното растојание помеѓу енергетскиот кабел и надворешната ивица на каналот за топловод треба да изнесува најмалку 0.7 m за кабли 35 kV, односно 0,6 m за останатите кабли.

Доколку не може да се постигнат претходно дадените најмали растојанија се применуваат дополнителни заштитни мерки со кои се обезбедува да топлотното влијание на топловодот врз кабелот не биде поголемо од 20°C.

Заштитни мерки се следните:

• Зајакната изолација помеѓу топловодот и енергетскиот кабел

• Примена на кабли со изолација од вмрежен полиетилен (XP00 и сл.)

• Примена на метални екрани помеѓу кабелот и топловодот и други.

При вкрстување и паралелно водење на енергетски кабел за јавно осветлување и топловод треба да се оствари растојание од најмалку 0.3 m.



Слика 4 Полагање на кабел над топловод



Слика 5 Полагање на кабел под топловод

7.2.5 Со гасовод

Не е дозволено паралелно водење на енергетски кабли под или над гасовод. Растојанието помеѓу енергетски кабел и гасовод при вкрстување и паралелно водење треба да биде најмалку:

• 0.8 m во населено место

• 1.2 m вон населено место

Растојанијата можат да се намалат до 0.3 m ако кабелот се положи во заштитна цевка со должина најмалку 2 m од двете страни на вкрстувањето или по целата должина на паралелното водење.

7.2.6 Со пат вон населено место

Вкрстување на кабелски вод со пат кон населено место се врши така што кабелот се полага во бетонски канал или бетонска или пластична цевка навлечена во хоризонтално избушен отвор. Со тоа се обезбедува замена на кабелот без раскопување на патот. Вертикалното растојание помеѓу горната ивица на кабелската канализација и површината на патот треба да изнесува најмалку 0.8

m. Растојанието помеѓу кабелскиот вод и пат вон населено место при паралелно, односно приближување изнесува:

• За автопат и пат од прв ред: најмалку 5 m за паралелно водење и

најмалку 3 m за приближување.

• За патишта под прв ред: најмалку 3 m за паралелно водење и

најмалку 1 m за приближување.

7.2.7 Полагање на енергетски кабли преку мостови

За полагање преку мостови се препорачува користење на кабли со полимерна изолација и полимерен плашт (XP00-AS, XHE 49-A и др.). За полагање преку мост дозволено е користење на хартиени кабли со алуминиумски плашт, тип NPHA 03-A. Не е дозволено полагање на енергетски кабли со оловен плашт. Се препорачува полагањето на енергетските кабли да биде под пешачката стаза на мостот во канали или цевки. Овие канали (цевки) не смее да се користат за атмосферски води и мора да биде овозможено природно ладење на каблите во цевките. Дозволено е слободно полагање по конструкцијата на мостот ако енергетските кабли се непристапни на нестручни лица и ако се заштитени од директно влијание на сончевите зраци. Енергетските кабли под мостовите, доколку е можно, треба да се полагаат во еден дел, без употреба на спојници. Во спротивно кабелската спојница треба да е оддалечена најмалку 10 метри од краевите на мостот. Треба да се избегнува полагање на каблите под дрвени мостови. Во спротивно каблите треба да се полагаат во пластични или метални цевки. На премините на енергетските кабли од челичната конструкција на мостовите на страничните потпирачи, како и на премините на дилетационите делови на мостот, потребно е да се остави соодветна резерва.

7.2.8 Приближување и вкрстување на енергетски кабли

Меѓусебното растојание на енергетски кабли (повеќежилни кабли или кабелски сноп од три едножилни кабли) во ист ров се одредува врз основа на струјното оптоварување на истите, но не смее да биде помало од 0,07 m при паралелно водење, односно 0,2 m при вкрстување. За обезбедување на пропишаното растојание при паралелно водење т.е. недопирање на каблите потребно е по целата должина на трасата да се постават бетонски опеки на меѓусебно растојание од 1 m.

7.2 Полагање на едножилни енергетски кабли

Се препорачува полагање на едножилни кабли (XHE 49-A и др.) во триаголнест сноп. На пократки делници дозволено е и полагање во хоризонтална рамнина на меѓусебно растојание од 0.07 m. Снопот се формира со провлекување на каблите низ соодветна матрица при одмотување од три котури. Формираниот сноп на секој 1-2 метри се зацврстува (обмотува) со обујмица или самолеплива лента. На Слика 6 е прикажано полагање на едножилни кабли во триаголен снов и во хоризонтална рамнина.





Слика 6 Полагање на едножилни кабли

Бидејќи во конретниот случај се работи за подолга делница, едножилните кабли ќе бидат положени во триаголнест сноп, прикажано во Графички прилози.

Дозволено е поединечно провлекување на едножилен кабел низ цевка од неферомагнетен материјал по услов цевката да не е подолга од 20 метри. Дозволено е провлекување на сноп од три едножилни кабли од сите три фази низ челична цевка. За прицврстување на едножилни кабли можат да се користат само обујмици од неферомагнетен материјал (бакар, алуминиум, пластика

итн). На двата краја на кабелскиот вод потребно е галвански да се поврзат металните плаштови на сите три едножилни кабли и овој спој да се заземји.

7.3 Вкрстување водостопанство – суводолица (дол) КП 1560, КО Долани

Во случај на појава на водотек по трасата на среднонапонскиот кабел, потребно е да се изврши нивно вкрстување. Вкрстувањето може да се изведе со положување на каблите преку мостови, положување на дното или под дното на водотекот. Во случај на положување под дното на водотекот постојат услови кои треба да бидат задоволени:

- положувањето на каблите да биде минимум 1,5 m под дното на водотекот, и
- тие да бидат положени во заштитна цевка.

При положувањето на среднонапонскиот кабел од КП 321, КО Љуботен до КП 550/1, КО Долани, поради присуство на водотек ќе се изврши вкрсување на дел од КП 1560. Вкрстувањето на енергетските кабли NA2XS(F)2Y 1x400 RM/25 12/20 kV се изведува на тој начин што каблите ќе се положуваат под дното на водотекот на длабочина од 1,5 m и ќе бидат поставени во заштитна PVC цевка Ф150 mm, детално прикажано во графички прилози.

8. КАБЕЛСКИ ПРИБОР

Кабелскиот прибор служи за затварање на краевите на кабелот за да се спречи продирање на влага, што се остварува со помош на кабловски завршници (глави) за внатрешна и надворешна монтажа и кабловски спојници. За среднонапонските кабли (XHE 49-A, NPO 13-AS итн) се препорачува да се користат кабелски спојници и завршници од топлособирачки,ладнособирачки или префабрикувани елементи. Кабелските спојници и завршници треба да ги монтираат стручно обучени работници кои доследно ги применуваат сите упатства и барања на производителите посебно во врска со технолошката чистота, непрекидноста на електричната заштита, слабопроводните слоеви и плаштот на среднонапонските кабли итн. Кабелската завршница на среднонапонскиот кабел мора да има прибор за едноставно приклучување на металниот плашт и арматурата, односно електричната заштита на кабелот, на заземјувачот на трансформаторската станица или столбот. Кабелската спојница посебно не се заземјува, независно од тоа дали е од изолационен материјал или метална.

9. ИЗБОР И ДИМЕНИЗИОНИРАЊЕ НА ПОДЗЕМЕН ВОД

Предметната ТС Хај Енерџи 10/0,8 kV/kV е со максимална моќност на енергетскиот трансформатор од 2x1500 kVA.

Номиналната (максималната) струја In низ водот која поминува изнесува:

$$I_n = \frac{S_n}{\sqrt{3} \cdot U_n} = \frac{2x1500}{\sqrt{3} \cdot 10} = 173.21\ A$$

Sn – 2x1500 kVA – збирна привидна моќност

Un 10 kV - номинален напон

Согласно пресметаната номинална струја, унификацијата и анализите на проектантот за 10(20) kV подземен вод до ТС Хај Енерџи би се избрал едножилен кабел тип **NA2XS(F)2Y 1x400 RM/25 12/20kV** кој е положен хоризонтално и трајно може да се оптовари со струја од **535 A** (Прилог 1 од Технички прилози).

Каблите ќе се постават кабелски ровови во земја на длабочина од 800mm во амбиент каде што температурата нема да биде поголема од 20°C. За оваа температура корекциониот фактор според кој се пресметува струјата на оптоварување се отчитува од табела B.52.15 и изнесува $\boldsymbol{k_\theta}$**= 1** (Прилог 2 од Технички прилози).

Каблите ќе бидат положени во еден ров. Тие се покриваат со слој песок, потоа се става гал штитник, па следува повторно песок и над него предупредувачка трака.Тие се поставени во триаголнест сноп во кабелски ров. Корекциониот фактор k_p кој што зависи од начинот на полагање на каблите во кабелски ровови при што каблите се поставени во сноп, според стандардот МКС HD 60364-5-52:2013 се отчитува од табела B.52.18 и изнесува $\boldsymbol{k_p}$**= 1** (Прилог 3 од Технички прилози).

Кабелските ровови ќе бидат исполнети со слој од песок со нормална влажност со дебелина од 20 cm, чија специфична топлинска отпорност изнесува 1.5 K ·m/W. Корекциониот коефициент на тлото во таков случај се отчитува од табела B.52.16 изнесува $\boldsymbol{k_\rho}$**= 1.28** (Прилог 4 од Технички прилози).

Поради поставување на каблите во услови различни од номиналните од кои е одредена максимално дозволената струја на оптоварување за дадениот кабел, потребно е да се користат корекционите фактори кои ќе го одредат трајно дозволеното струјно оптоварување на кабелот во вистински услови на положување:

$$I_{td} = I_{dt} \cdot k_\theta \cdot k_p \cdot k_\rho = 535 \cdot 1 \cdot 1 \cdot 1.28 = 684.8\text{A} > I_n = 173{,}08\ \text{A}$$

$$\boldsymbol{I_n = 173{,}08\ \text{A} << I_{td} = 684.8A}$$

Избраниот кабел ги задоволува условите.

III.ПРЕДМЕР ПРЕСМЕТКА

Спецификација на опрема – предмер пресметка

СРЕДНОНАПОНСКИ 10(20) kV КАБЕЛСКИ ПРИКЛУЧЕН ВОД			
Р.бр	**ОПИС (НАБАВКА, ТРАНСПОРТ И МОНТАЖА)**	**Ед. мер**	**Количина**
1	Ископ на ров со димензии (5030x0,45x0,8m), затрупување со песок и отстранувањза СН кабел – NA2XS(F)2Y 1x400RM/25 12/20kV	m^3	1810,8
2	Ископ на ров со димензии (11x0,45x3m), за вкрстување на СН кабел – NA2XS(F)2Y 1x400RM/25 12/20kV со водотек	m^3	14,85
3	Тампон/песок (5030x0,45x0,2m) за СН кабел	m^3	452,7
4	Гал штитници	m	5041
5	Пластифицирана предупредувачка лента	m	5041
6	Поцинкувана трака FeZn 40x4mm за СН кабел	m	5041
7	Вкрстено парче за заземјување 70x70mm	пар.	101
8	СН кабел NA2XS(F)2Y 1x400RM/25 12/20kV	m	15123
9	Кабелска завршница за надворешна и внатрешна монтажа 10(20)kV со штекерска техника на приклучување POLT-24E/1XI и POLT-24E/1XO	сет	2
10	Кабел папучи 400mm	пар.	6
11	PVC цевка Ф150mm	m	11

IV.ТЕХНИЧКИ ПРИЛОЗИ

ПРИЛОГ 1 – Електрични карактеристики за 20kV кабел

Електрични карактеристики за 20kV кабел тип: NA2XS(F)2Y..1x... RM/

пресек	R 20^{0}C	XL	C	$I_{доз}$ за воздух (30^{0}C)	$I_{доз}$ за земја (20^{0}C)	Струја на куса врска I_{kv} -1s
mm^2	(Ω/km)	(Ω/km.)	(nF/km)	(A)	(A)	(kA)
150	0,206	0,131	0,174	366	319	14,1
240	0,125	0,122	0,206	496	417	22,6
400	0,0778	0,112	0,251	660	535	37,6

ПРИЛОГ 2 – Корекционен коефициент за положување на кабел со амбиентална температура различна од 20^0 во земја

Table B.52.15 – Correction factors for ambient ground temperatures other than 20 °C to be applied to the current-carrying capacities for cables in ducts in the ground

Ground temperature °C	Insulation	
	PVC	XLPE and EPR
10	1,10	1,07
15	1,05	1,04
20	1,00	1,00
25	0,95	0,96
30	0,89	0,93
35	0,84	0,89
40	0,77	0,85
45	0,71	0,80
50	0,63	0,76
55	0,55	0,71
60	0,45	0,65
65	–	0,60
70	–	0,53
75	–	0,46
80	–	0,38

ПРИЛОГ 3 – Корекционен коефициент за начин на полагање на кабли

Table B.52.18 – Reduction factors for more than one circuit, cables laid directly in the ground – Installation method D2 in Tables B.52.2 to B.52.5 – Single-core or multi-core cables

Number of circuits	Cable to cable clearance[a]				
	Nil (cables touching)	One cable diameter	0,125 m	0,25 m	0,5 m
2	0,75	0,80	0,85	0,90	0,90
3	0,65	0,70	0,75	0,80	0,85
4	0,60	0,60	0,70	0,75	0,80
5	0,55	0,55	0,65	0,70	0,80
6	0,50	0,55	0,60	0,70	0,80
7	0,45	0,51	0,59	0,67	0,76
8	0,43	0,48	0,57	0,65	0,75
9	0,41	0,46	0,55	0,63	0,74
12	0,36	0,42	0,51	0,59	0,71
16	0,32	0,38	0,47	0,56	0,68
20	0,29	0,35	0,44	0,53	0,66

[a] Multi-core cables

[a] Single-core cables

NOTE 1 Values given apply to an installation depth of 0,7 m and a soil thermal resistivity of 2,5 K·m/W. They are average values for the range of cable sizes and types quoted for Tables B.52.2 to B.52.5. The process of averaging, together with rounding off, can result in some cases in errors up to ±10 %. (Where more precise values are required they may be calculated by methods given in IEC 60287-2-1.)

NOTE 2 In case of a thermal resistivity lower than 2,5 K·m/W the corrections factors can, in general, be increased and can be calculated by the methods given in IEC 60287-2-1.

NOTE 3 If a circuit consists of *m* parallel conductors per phase, then for determining the reduction factor, this circuit should be considered as *m* circuits.

ПРИЛОГ 4 – Корекционен коефициент за специфична отпорност на тло

Table B.52.16 – Correction factors for cables buried direct in the ground or in buried ducts for soil thermal resistivities other than 2,5 K·m/W to be applied to the current-carrying capacities for reference method D

Thermal resistivity, K·m/W	0,5	0,7	1	1,5	2	2,5	3
Correction factor for cables in buried ducts	1,28	1,20	1,18	1,1	1,05	1	0,96
Correction factor for direct buried cables	1,88	1,62	1,5	1,28	1,12	1	0,90

NOTE 1 The correction factors given have been averaged over the range of conductor sizes and types of installation included in Tables B.52.2 to B.52.5. The overall accuracy of correction factors is within ±5 %.

NOTE 2 The correction factors are applicable to cables drawn into buried ducts; for cables laid direct in the ground the correction factors for thermal resistivities less than 2,5 K·m/W will be higher. Where more precise values are required they may be calculated by methods given in the IEC 60287 series.

NOTE 3 The correction factors are applicable to ducts buried at depths of up to 0,8 m.

NOTE 4 It is assumed that the soil properties are uniform. No allowance had been made for the possibility of moisture migration which can lead to a region of high thermal resistivity around the cable. If partial drying out of the soil is foreseen, the permissible current rating should be derived by the methods specified in the IEC 60287 series.

Indoor terminations for screened, 1-core polymeric insulated cables 10 kV, 20 kV and 35 kV

Cable

The indoor termination is designed for 10 kV, 20 kV and 35 kV screened single core polymeric insulated cables.
For example: АпвВ, ПвП, YHAKXS, XUHAKXS, YHKXS, AXEKVCY, AXEKVCEY, CXEKVCEY, N(A)2XSY, SZAQkrKM, SZAXRkKM, XHE 49, XHP 48, EHP 48, N(A)2XS(F)2Y, AHXAMK-W, NF C 33-223.

Design of termination

The screen wires or the earth lead are embedded in sealing mastic. Yellow stress grading mastic is laid around the end of the screen cut. A non-tracking, insulating tubing coated with stress control and sealing mastic insulates and seals between the end of the oversheath and the cable lug.
Solderless earth connections can be ordered separately.
Kits with the modification code -13 include mechanical lugs with a busbar connection hole for M12 connection bolts, with code -17 for M16 bolts.

Nominal voltage U_o/U (kV)	Terminations with mechanical lugs Cross section (mm²)	Ordering description	Terminations without lugs Cross section (mm²)	Ordering description	L (mm)
6/10	25– 95	POLT-12C/1XI-ML-1-13	25– 95	POLT-12C/1XI	250*
	70–150	POLT-12D/1XI-ML-2-13			300
	95–240	POLT-12D/1XI-ML-4-13	95– 240	POLT-12D/1XI	250*
	185–300	POLT-12E/1XI-ML-5-13			300
	240–400	POLT-12E/1XI-ML-6-13***	240– 500	POLT-12E/1XI	300
	500–630	POLT-12F/1XI-ML-7-17***	500– 800	POLT-12F/1XI	340*
			1000–1200	POLT-12G/1XI	340
12/20	25– 70	POLT-24C/1XI-ML-1-13	25– 70	POLT-24C/1XI	340
	70–150	POLT-24D/1XI-ML-2-13	70– 240	POLT-24D/1XI	340
	95–240	POLT-24D/1XI-ML-4-13			340
	185–300	POLT-24E/1XI-ML-5-13	185– 400	POLT-24E/1XI	340
	240–400	POLT-24E/1XI-ML-6-13***			340
	500–630	POLT-24F/1XI-ML-7-17***	400– 800	POLT-24F/1XI	440**
20/35	35	POLT-42C/1XI-ML-1-13	35	POLT-42C/1XI	500
	50–120	POLT-42D/1XI-ML-2-13	50– 120	POLT-42D/1XI	500
	150–300	POLT-42E/1XI-ML-5-13	150– 300	POLT-42E/1XI	500
	240–400	POLT-42F/1XI-ML-6-13***	400– 500	POLT-42F/1XI	500
	500–630	POLT-42G/1XI-ML-7-17***	500– 800	POLT-42G/1XI	560

* Dimension L of termination with mechanical lugs is 300 mm.
** Dimension L of termination with mechanical lugs is 340 mm.
*** The termination is also available with mechanical lugs for busbar connection by M20 bolts (modification code -21). The kit is not suitable for RICS adapters. For RICS application please see the chapter "Connection Systems".
Note: One termination kit includes material for 3 phases.
For terminations with mechanical lugs for M16 bolts use modification code -17.
Solderless earth connections for cables with tape shield have to be ordered separately.

Solderless earth connection for cables with tape shield

Cross section (mm²) for cables with nominal voltage U_o/U 6/10 kV	12/20 kV	22/35 kV	Ordering description
Cables with bonded aluminium tape shield without armour			
25–120	25–120		SMOE-62609
95–400	50–240		SMOE-62589
Cables with copper tape shield without armour			
25– 70			EAKT-1655
35–120	25– 70		EAKT-1656
95–240	50–150	25– 70	EAKT-1657
240–500	120–400	35–300	EAKT-1658
630–800	500–800	240–800	EAKT-1659
Cables with copper tape shield and with aluminium wire armour			
70–240	70–150		SMOE-62822

Note: The solderless earth connection kit must be ordered separately. The SMOE kits include 3 roll springs, 3 earth leads and copper mesh. The EAKT kits for copper tape include 3 roll springs and 3 earth leads. The SMOE-62822 kit for cables with wire armour includes roll springs, earth lead and sealing tubing.

38

Outdoor terminations for screened, 1-core polymeric insulated cables 10 kV, 20 kV and 35 kV



Design of termination

The design and installation is the same as for indoor terminations. In addition skirts are installed onto the tubing (see table). Solderless earth connections can be ordered separately. Kits with the modification code -13 include mechanical lugs with a busbar connection hole for M12 connection bolts, with code -17 for M16 bolts.

Dimensions L, D see table

Nominal voltage U_o/U (kV)	Terminations with mechanical lugs Cross section (mm²)	Ordering description	Terminations without lugs Cross section (mm²)	Ordering description	Dimensions (mm) L	D	No. of skirts
6/10	25– 95	POLT-12C/1XO-ML-1-13	25– 95	POLT-12C/1XO	250*	85	3 x 1
	70–150	POLT-12D/1XO-ML-2-13			300	95	3 x 1
	95–240	POLT-12D/1XO-ML-4-13	95– 240	POLT-12D/1XO	250*	95	3 x 1
	240–400	POLT-12E/1XO-ML-6-13***	240– 500	POLT-12E/1XO	300	115	3 x 1
	500–630	POLT-12F/1XO-ML-7-17***	500– 800	POLT-12F/1XO	340*	135	3 x 1
			1000–1200	POLT-12G/1XO	340	135	3 x 1
12/20	25– 70	POLT-24C/1XO-ML-1-13	25– 70	POLT-24C/1XO	440	85	3 x 3
	70–150	POLT-24D/1XO-ML-2-13	70– 240	POLT-24D/1XO	440	95	3 x 3
	95–240	POLT-24D/1XO-ML-4-13			440	95	3 x 3
	185–400	POLT-24E/1XO-ML-6-13***	185– 400	POLT-24E/1XO	440	115	3 x 3
	500–630	POLT-24F/1XO-ML-7-17***	400– 800	POLT-24F/1XO	500**	135	3 x 3
20/35	35	POLT-42C/1XO-ML-1-13	35	POLT-42C/1XO	560	85	3 x 4
	50–120	POLT-42D/1XO-ML-2-13	50– 120	POLT-42D/1XO	560	95	3 x 4
	150–300	POLT-42E/1XO-ML-5-13	150– 300	POLT-42E/1XO	560	115	3 x 4
	240–400	POLT-42F/1XO-ML-6-13***	400– 500	POLT-42F/1XO	560	135	3 x 4
	500–630	POLT-42G/1XO-ML-7-17***	500– 800	POLT-42G/1XO	560	135	3 x 4

* Dimension L of termination with mechanical lugs is 300 mm.
** Dimension L of termination with mechanical lugs is 440 mm.
*** The termination is also available with mechanical lugs for busbar connection by M20 bolts (modification code -21).
Note: One termination kit includes material for 3 phases.
For terminations with mechanical lugs for M16 bolts use modification code -17.
Solderless earth connections for cables with tape shield have to be ordered separately.

Solderless earth connection for cables with tape shield

Cross section (mm²) for cables with nominal voltage U_o/U 6/10 kV	12/20 kV	22/35 kV	Ordering description
Cables with bonded aluminium tape shield without armour			
25–120	25–120		SMOE-62609
95–400	50–240		SMOE-62589
Cables with copper tape shield without armour			
25– 70			EAKT-1655
35–120	25– 70		EAKT-1656
95–240	50–150	25– 70	EAKT-1657
240–500	120–400	35–300	EAKT-1658
630–800	500–800	240–800	EAKT-1659
Cables with copper tape shield and with aluminium wire armour			
70–240	70–150		SMOE-62822

Note: The solderless earth connection kit must be ordered separately.
The SMOE kits include 3 roll springs and 3 earth leads and copper mesh.
The EAKT kits for copper tape include 3 roll springs and 3 earth leads. The SMOE-62822 kit for cables with wire armour includes roll springs, earth lead and sealing tubing.

ПРИЛОГ 6 – Кабелски ознаки за обележување на кабли – препораки ЕВН

Кабелски ознаки за обележување на кабли и изводи од мек ПВЦ

	Материјален број:
- **Кабелска ознака – бела**	**1010170020005**
- **Кабелска ознака – црвена**	**1010170020006**

Краток текст:
Кабелска ознака 250mm - бела
Кабелска ознака 400 mm - црвена.

Дополнителна информација
Кабелските ознаки за натписи од мек PVC-материјал се изработуваат во две бои и тоа: **БЕЛА** со димензии 250x20x1.5 mm која се користи за обележување на **НИСКОНАПОНСКИ** кабли и **ЦРВЕНА** со димензии 400x20x1.5 mm која се користи за обележување на **СН**-кабли (1 или 3 жилни), со вкупен пречник до околу 110 mm.
Кабелските ознаки се користат за обележување на каблите во секоја прилика, тие се поставуваат на почеток и на крај на изводите, во секој кабелски-разводени и мерен орман и на секои 2 метри в'долж трасата на кабелот. Поставувањето на овие ознаки за новите проекти треба да се врши од страна на фирмата која за Нас ги изведува работите, а за тоа постои и позиција во ценовникот.

Прилог:
Цртеж и начин на испишување на ознаките:



Пример за испишување на податоци:

Предна страна од кабелската ознака - БЕЛА

Н.Н. извод – 0,4 кВ – должина од 135 m
кон Трајко Трајковски

Задна страна од кабелската ознака - БЕЛА

Кабел тип: NAY2Y-J – 4 x 150 mm2
пуштен во употреба на: 10.04.2009 год.

Предна страна од кабелската ознака - ЦРВЕНА

С.Н. извод – 20 кВ – должина од 2100 m
кон ТС 10(20)/0,4 кВ бр. 254 (Тасино чешмиче)

Задна страна од кабелската ознака - ЦРВЕНА

Кабел тип: NA2XS(F)2Y – 3 x 1 x 150 mm2
пуштен во употреба на: 21.11. 2004 год.

- Доколку должината на изводот не е позната не треба да се впишува.

На овие ПВЦ ознаки се пишува со тенок црн водоотпорен фломастер.

V. ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ


dol_p-inginco
ГРАФИЧКИ ДЕЛ ПРОЕКТ
СИТУАЦИОНА - ЗАКУРВАЧКА ПОДЛОГА
ТРАСА НА СРЕДНОНАПОНСКИ ПРИКЛУЧЕН ВОД
ГРАДЕЖЕН ОБЈЕКТ
ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТИ
ВИД НА ПРОЕКТ
ИДЕЈЕН ПРОЕКТ
ИНВЕСТИТОР
ЕВН МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје
Бул.Јане Сандански бр.97, Скопје
ИЗРАБОТУВАЧ
ЕЛЕКТРОМАКЕДОНИЈА
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ
ЕЛЕКТРОМАКЕДОНИЈА
ИЗРАБОТИЛ
ЕЛЕКТРОМАКЕДОНИЈА
ЕЛЕКТРОМАКЕДОНИЈА
ЕЛЕКТРОМАКЕДОНИЈА

ПРЕСЕК НА КАРАКТЕРИСТИЧЕН РОВ ЗА СРЕДНОНАПОНСКИ КАБЕЛ NA2XS(F)2Y 3x(1x400)mm² / RM25 12/20kV

1. Проводник, компактиран (многужичен-уплетен) алуминиум,
2. Внатрешен полупроводлив слој,
3. Изолација, умрежен полиетилен-XLPE согласно со VDE 0276-620,
4. Надворешен, полупроводен слој,
5. Полупроводливи набабрувачки ленти,
6. Бакарен екран,
7. Раздвојувачка водонепропустлива трака,
8. Надворешен плашт – црн.



ЛЕГЕНДА:

1 - КАБЕЛ NA2XS(F)2Y 1x400mm²

2 - СИТЕН ПЕСОК

3 - ГАЛ-ШТИТНИК

4 - ПОЦИНКУВАНА ТРАКА FeZn 40x4mm

5 - НАБИЕНА ЗЕМЈА

6 - ПЛАСТИЧНА ПРЕДУПРЕДУВАЧКА ЛЕНТА



01.01 02 А- С
Ископ на ров со повторно полнење



НАЗИВ И СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖОТ:
НОВОПРОЕКТИРАНА СОСТОЈБА
ПРИКАЗ НА КАБЕЛСКИ РОВ - ПРЕСЕК

РЕВИДЕНТ:

E

ВИД НА ПРОЕКТ: **ИДЕЕН ПРОЕКТ**

ФАЗА: **ЕЛЕКТРОТЕХНИКА**

ОБЈЕКТ:
СРЕДНОНАПОНСКИ 10(20) kV КАБЕЛСКИ ПРИКЛУЧЕН ВОД „ЉУБОТЕН-ДОЛАНИ ЗА ТС ХАЈ ЕНЕРЏИ 10/0,8kV/kV, 2x1500kVA НА ДЕЛ ОД:

-КП 1071, КП 1088, КП 147, КП 1560, КП 1571, КП 1578, КП 1579, КП 1580, КП 355/1, КП 364, КП 407, КП 549, КП 550/1, КО Долани,

и дел од КП:

-КП 118, КП 123, КП 126, КП 13, КП 1684, КП 1685, КП 1686, КП 176, КП 26, КП 293, КП 300, КП 321, КО Љуботен, Општина Штип

ИНВЕСТИТОР:
ХАЈ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје
Булевар 3-та Македонска Бригада бр. 48
Скопје- Аеродром

ИЗРАБОТИЛ:
Друштво за трговија и услуги
ИНТЕБАКО ДОО СКОПЈЕ
ул. "Влае" бр. 87- Скопје
УПРАВИТЕЛ:
БЕНУН КАДРИЌ
дипл.економист

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
РЕНАТА АНДОНОВСКА *дипл.ел.инж.*
Овластување бр. Б.4.1343

СОРАБОТНИЦИ:
ИВАНА ТАБАКОВСКА *дипл.ел.инж.*
м-р СИМОНА ГАЛАЗОВА *дипл.инж.арх*
ФИЛИМЕНА ЈАКОВЛеСКА *дипл.ел.инж*
ДЕСАНКА МАРИНКОВИЌ *дипл.ел.инж.*
РОСАНА ПЕТРУШЕВА *дипл.ел.инж*
АЊА КРСТЕВСКА *дипл.ел.инж*

Интебако доо Скопје

ТЕХ.БРОЈ:	ДАТА:	РАЗМЕР:	ЦРТЕЖ БРОЈ:
И08-001/23	**Август 2023**	1:1000	**E.02**

ПРЕСЕК НА РОВ ЗА ВКРСТУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ КАБЕЛ СО ЕНЕРГЕТСКИ КАБЕЛ



ЛЕГЕНДА:

1 - ЕНЕРГЕТСКИ КАБЕЛ

2 - СИТЕН ПЕСОК

3 - ГАЛШТИТНИК

4 - ПОЦИНКУВАНА ТРАКА FeZn 40x4mm

5 - НАБИЕНА ЗЕМЈА

6 - ПЛАСТИЧНА ПРЕДУПРЕДУВАЧКА ЛЕНТА

НАЗИВ И СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖОТ:
НОВОПРОЕКТИРАНА СОСТОЈБА
ПРЕСЕК НА РОВ ЗА ВКРСТУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ КАБЕЛ

РЕВИДЕНТ:

E

ВИД НА ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ

ФАЗА:
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА

ОБЈЕКТ:
СРЕДНОНАПОНСКИ 10(20) kV КАБЕЛСКИ ПРИКЛУЧЕН ВОД ЉУБОТЕН-ДОЛАНИ ЗА ТС ХАЈ ЕНЕРЏИ 10/0,8kV/kV, 2x1500kVA НА ДЕЛ ОД:

-КП 1071, КП 1088, КП 147, КП 1560, КП 1571, КП 1578, КП 1579, КП 1580, КП 355/1, КП 364, КП 407, КП 549, КП 550/1, КО Долани,

и дел од КП:

-КП 118, КП 123, КП 126, КП 13, КП 1684, КП 1685, КП 1686, КП 176, КП 26, КП 293, КП 300, КП 321, КО Љуботен, Општина Штип

ИНВЕСТИТОР:
ХАЈ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје
Булевар 3-та Македонска Бригада бр. 48
Скопје- Аеродром

ИЗРАБОТИЛ:
Друштво за трговија и услуги
ИНТЕБАКО ДОО СКОПЈЕ
ул. "Влае" бр. 87- Скопје
УПРАВИТЕЛ:
БЕНУН КАДРИЌ
дипл.економист

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
РЕНАТА АНДОНОВСКА *дипл.ел.инж.*
Овластување бр. Б.4.1343

СОРАБОТНИЦИ:
ИВАНА ТАБАКОВСКА *дипл.ел.инж.*
м-р СИМОНА ГАЛАЗОВА *дипл.инж.арх*
ФИЛИМЕНА ЈАКОВЛеСКА *дипл.ел.инж*
ДЕСАНКА МАРИНКОВИЌ *дипл.ел.инж.*
РОСАНА ПЕТРУШЕВА *дипл.ел.инж*
АЊА КРСТЕВСКА *дипл.ел.инж*

Интебако доо Скопје

ТЕХ.БРОЈ:	ДАТА:	РАЗМЕР:	ЦРТЕЖ БРОЈ:
И08-001/23	**Август 2023**	1:1000	**E.03**

ПРЕСЕК НА РОВ ЗА ВКРСТУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ КАБЕЛ СО ВОДОТЕК





ЛЕГЕНДА:

1 - ЕНЕРГЕТСКИ КАБЕЛ

2 - PVC ЦЕВКА

3 - ГАЛШТИТНИК

4 - ПОЦИНКУВАНА ТРАКА FeZn 40x4mm

5 - НАБИЕНА ЗЕМЈА

6 - ПЛАСТИЧНА ПРЕДУПРЕДУВАЧКА ЛЕНТА

7 - ВОДА

НАЗИВ И СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖОТ:
НОВОПРОЕКТИРАНА СОСТОЈБА
ПРЕСЕК НА РОВ ЗА ВКРСТУВАЊЕ СО ВОДОТЕК

РЕВИДЕНТ:

E

ВИД НА ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ

ФАЗА:
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА

ОБЈЕКТ:
СРЕДНОНАПОНСКИ 10(20) kV КАБЕЛСКИ ПРИКЛУЧЕН ВОД ЉУБОТЕН-ДОЛАНИ ЗА ТС ХАЈ ЕНЕРЏИ 10/0,8kV/kV, 2x1500kVA НА ДЕЛ ОД:

-КП 1071, КП 1088, КП 147, КП 1560, КП 1571, КП 1578, КП 1579, КП 1580, КП 355/1, КП 364, КП 407, КП 549, КП 550/1, КО Долани,

и дел од КП:

-КП 118, КП 123, КП 126, КП 13, КП 1684, КП 1685, КП 1686, КП 176, КП 26, КП 293, КП 300, КП 321, КО Љуботен, Општина Штип

ИНВЕСТИТОР:
ХАЈ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје
Булевар 3-та Македонска Бригада бр. 48
Скопје- Аеродром

ИЗРАБОТИЛ:
Друштво за трговија и услуги
ИНТЕБАКО ДОО СКОПЈЕ
ул. "Влае" бр. 87- Скопје
УПРАВИТЕЛ:
БЕНУН КАДРИЌ
дипл.економист

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
РЕНАТА АНДОНОВСКА *дипл.ел.инж.*
Овластување бр. Б.4.1343

СОРАБОТНИЦИ:
ИВАНА ТАБАКОВСКА *дипл.ел.инж.*
м-р СИМОНА ГАЛАЗОВА *дипл.инж.арх*
ФИЛИМЕНА ЈАКОВЛеСКА *дипл.ел.инж*
ДЕСАНКА МАРИНКОВИЌ *дипл.ел.инж.*
РОСАНА ПЕТРУШЕВА *дипл.ел.инж*
АЊА КРСТЕВСКА *дипл.ел.инж*

Интебако доо Скопје

ТЕХ.БРОЈ:	ДАТА:	РАЗМЕР:	ЦРТЕЖ БРОЈ:
И08-001/23	**Август 2023**	1:25	**E.04**

ОЗНАКИ НА КРАЈ НА КАНАЛИТЕ



КАБЕЛСКИ ОЗНАКИ ЗА КАБЕЛ ВО РОВ



ОЗНАКИ ЗА КАБЕЛСКИ СПОЈНИЦИ



ОЗНАКИ ЗА ВКРСТУВАЊА



ОЗНАКА ЗА СВРТУВАЊЕ



БЕТОНСКА ОЗНАКА ЗА ОБЕЛЕЖУВАЊЕ





НА КАБЕЛСКА ТРАСА
ВО УРБАНИЗИРАНО ПОДРАЧЈЕ

БЕТОНСКА ОЗНАКА ЗА ОБЕЛЕЖУВАЊЕ
НА КАБЕЛСКА ТРАСА НА ОТВОРЕН ТЕРЕН

НАЗИВ И СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖОТ:
ДЕТАЛ ЗА ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ТРАСА ОД КАБЕЛ

РЕВИДЕНТ:

E

ВИД НА ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ

ФАЗА:
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА

ОБЈЕКТ:
СРЕДНОНАПОНСКИ 10(20) kV КАБЕЛСКИ ПРИКЛУЧЕН ВОД ЉУБОТЕН-ДОЛАНИ ЗА ТС ХАЈ ЕНЕРЏИ 10/0,8kV/kV, 2x1500kVA НА ДЕЛ ОД:

-КП 1071, КП 1088, КП 147, КП 1560, КП 1571, КП 1578, КП 1579, КП 1580, КП 355/1, КП 364, КП 407, КП 549, КП 550/1, КО Долани,

и дел од КП:

-КП 118, КП 123, КП 126, КП 13, КП 1684, КП 1685, КП 1686, КП 176, КП 26, КП 293, КП 300, КП 321, КО Љуботен, Општина Штип

ИНВЕСТИТОР:
ХАЈ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје
Булевар 3-та Македонска Бригада бр. 48
Скопје- Аеродром

ИЗРАБОТИЛ:
Друштво за трговија и услуги
ИНТЕБАКО ДОО СКОПЈЕ

УПРАВИТЕЛ:
БЕНУН КАДРИЌ
дипл.економист

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
РЕНАТА АНДОНОВСКА *дипл.ел.инж.*
Овластување бр. Б.4.1343

СОРАБОТНИЦИ:
ИВАНА ТАБАКОВСКА *дипл.ел.инж.*
м-р СИМОНА ГАЛАЗОВА *дипл.инж.арх*
ФИЛИМЕНА ЈАКОВЛеСКА *дипл.ел.инж*
ДЕСАНКА МАРИНКОВИЌ *дипл.ел.инж.*
РОСАНА ПЕТРУШЕВА *дипл.ел.инж*
АЊА КРСТЕВСКА *дипл.ел.инж*

Интебако доо Скопје

ТЕХ.БРОЈ:	ДАТА:	РАЗМЕР:	ЦРТЕЖ БРОЈ:
И08-001/23	**Август 2023**		**E.05**

Паралелно водење и вкрстување на ен. кабел со вн. кабел



b≥30 cm за U≤ 1kV
b≥50cm за U≤ 10kV
b>100cm за U> 10kV

Паралелно полагање
на ВН кабел со ЕН кабел

Паралелно полагање на ВН кабел
со ЕН кабел кога не се задоволени
максималните растојанија

Вкрстено полагање на ВН кабел
со ЕН кабел кога не се задоволени
максималните растојанија

Паралелно водење и вкрстување на ен. кабел со тк. кабел



b > 30cm за U< 1 kV
b > 50cm за U< 10 kV
b > 100cm за U> 10 kV

Паралелно полагање
на ТК кабел со ЕН кабел

Паралелно полагање на
ТК кабел со ЕН кабел
кога не се задоволени
максималните растојанија

Вкрстено полагање на ТК кабел
со ЕН кабел кога не се задоволени
максималните растојанија

Вкрстување на енергетски кабел со топловод (топловод е над кабелот)



b = 30cm за U≤ 1 kV
b = 50cm за U≤ 10 kV
b = 100cm за U> 10 kV

(кабелот е над топловод)



b = 30cm за U≤ 1 kV
b = 50cm за U≤ 10 kV
b = 100cm за U> 10 kV

Паралелно водење и вкрстување на ен. кабел со канализација



b=30 cm за приклучна канализација
b=50 cm за главна канализација

b=30 cm за приклучна канализација
b=50 cm за главна канализација

Паралелно водење и вкрстување на ен. кабел со водовод



b=30 cm за приклучен водовод
b=50 cm за главен водовод

b=30 cm за приклучен водовод
b=50 cm за главен водовод

НАЗИВ И СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖОТ:
ВКРСТУВАЊЕ НА КАБЛИ СО ДРУГИ ИНСТАЛАЦИИ

РЕВИДЕНТ:

E

ВИД НА ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ

ФАЗА:
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА

ОБЈЕКТ:
СРЕДНОНАПОНСКИ 10(20) kV КАБЕЛСКИ ПРИКЛУЧЕН ВОД „ЛУБОТЕН-ДОЛАНИ ЗА ТС ХАЈ ЕНЕРЏИ 10/0,8kV/kV, 2x1500kVA НА ДЕЛ ОД:

-КП 1071, КП 1088, КП 147, КП 1560, КП 1571, КП 1578, КП 1579, КП 1580, КП 355/1, КП 364, КП 407, КП 549, КП 550/1, КО Долани,

и дел од КП:

-КП 118, КП 123, КП 126, КП 13, КП 1684, КП 1685, КП 1686, КП 176, КП 26, КП 293, КП 300, КП 321, КО Луботен, Општина Штип

ИНВЕСТИТОР:
ХАЈ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје
Булевар 3-та Македонска Бригада бр. 48
Скопје- Аеродром

ИЗРАБОТИЛ:
Друштво за трговија и услуги
ИНТЕБАКО ДОО СКОПЈЕ

УПРАВИТЕЛ:
БЕНУН КАДРИЌ
дипл.економист

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
РЕНАТА АНДОНОВСКА *дипл.ел.инж.*
Овластување бр. Б.4.1343

СОРАБОТНИЦИ:
ИВАНА ТАБАКОВСКА *дипл.ел.инж.*
м-р СИМОНА ГАЛАЗОВА *дипл.инж.арх*
ФИЛИМЕНА ЈАКОВЛеСКА *дипл.ел.инж*
ДЕСАНКА МАРИНКОВИЌ *дипл.ел.инж.*
РОСАНА ПЕТРУШЕВА *дипл.ел.инж*
АЊА КРСТЕВСКА *дипл.ел.инж*

Интебако доо Скопје

ТЕХ.БРОЈ:	ДАТА:	РАЗМЕР:	ЦРТЕЖ БРОЈ:
И08-001/23	Август 2023		**E.06**